1 Да. Не. Не знам. Не разбирам.

2 Како се викате? Може ли да го напишете името на латиница?

3 Ве молиме, напишете ја Вашата адреса.

4 Колку години имате?

5 Може да ни дадете име и телефонски број или адреса на некој кому би сакале да му се јавиме?

6 Наскоро ќе ве прегледа [1]лекар. [2]медицинска сестра/брат.

7 Имавте сообраќајка? Кога? (покажете на календарот и часовникот)

8 Сте се онесвестиле ли?

9 Кога Ви се слошило? (покажете на календарот и часовникот)

10 Имате ли болки? Покажете каде. Кога почнале болките? (покажете на календарот и часовникот)

11 Колку Ви е силна болката? 1 (не ме боли ништо) 2 3 4 5 6 7 8 9 10 (постојана болка)

12 Постојана ли е болката? Или боли, па поминува?

13 Крвавите ли некаде? Покажете каде.

14 Кашлате ли? Искашлувате ли нешто?
Каква боја има искашланото? бела? жолто-зелена? црвена? кафена?

15 Немате воздух?

16 Сте повраќале ли? Повраќавте ли крв?

17 Имате ли пролив?

18 Имате ли запек?

19 Имавте ли црна столица?

20 Ви отекуваат ли глуждовите?

21 Сте изгубиле ли тежина?

22 Имате ли проблеми [1]со видот? [2]со слухот? [3]при голтањето? [4]при одењето?

23 Ве оперирале ли? Покажете каде.

24 Кога Ви почнал последниот менструален циклус? (покажете на календарот)
Бремена ли сте? Кој месец сте бремена?
Можно ли е да сте бремена? Може ли да извршиме испитување за бременост?

25 Пушите ли? Колку цигари дневно?

26 Болни ли сте од [1]шеќерна болест? [2]епилепсија? [3]астма?

27 Сте имале ли [1]проблеми со срцето? [2]ангина? [3]висок крвен притисок?
[4]срцев напад? [5]мозочен удар? [6]жолтица? [7]хепатит?

28 Алергични ли сте на некој лек? На пеницилин? На аспирин? На некој друг лек?

29 Пиете ли лекови во моментот? Ѓо носите ли лекот со себе?
Пиете ли некои други лекови или природни лекарства?

30 Колку апчиња сте испиле?

31 Вакцинирани ли сте за тетанус?

32 Сте биле ли скоро во некоја земја надвор од Британија? Во која? Кога?

33 Јас сум: [1]медицинска сестра/брат. [2]лекар. [3]прва помош. [4]парамедик. [5]социјален работник.

34 Може да Ве прегледам? Непријатно ли Ви е да ве прегледува [1]маж? [2]жена?

35 Извинете, ова може да боли.

36 Треба да Ви го измерам крвниот притисок.

37 Треба да Ви ги слушнам градите.

38 Треба да Ви го испитам срцето.

39 Треба да Ви ја прегледам утробата.

40 Треба да Ви ставам инјекција.

41 Треба да Ви ја ставам цевкава.

42 Треба да Ви земам крв.

43 Треба да Ве пратам на рентген.

44 Треба да Ве шијам.
Треба да одите кај Вашиот лекар за да Ви ги извадат конците (покажете на календарот и часовникот).

45 Сте скршиле/поткршиле: [1]нога. [2]глужд. [3]рака. [4]зглоб. [5]рамо.

46 Треба да Ви ставиме гипс на: [1]нога. [2]глуждот. [3]раката. [4]зглобот.

47 Ова (покажете) треба да го држите до овој датум (покажете на календарот).

48 Ве молиме, дајте мокрача во садов.

49 Не јадете и не пиете ништо.

50 Сега може да станете.

51 Треба да останете во болница.
Ве молиме, почекајте додека се ослободи кревет.

52 Ќе биде добро. Не грижете се.

53 Да Ви викнам ли такси?

54 Употребете го ова ако Ви треба помош.

55 Ве молиме, почекајте. Ве молиме, дојдете наваму. Може да си одите дома.

56 Ве молиме, дојдете пак ако имате други проблеми.

57 Да ви повторам…

## Прашања од пациентите

58 Колку време ќе чекам? не повеќе од 1 час не повеќе од 2 часа не повеќе од 3 часа не повеќе од 4 часа

59 Ќе ме прозве ли некој?

60 Каде е телефонот, сакам да се јавам на роднина/пријател?

61 Може да ми викнете такси да си одам дома?

62 Ќе бидам ли добро?